[redacted]

Република Македонија
**Јавно претпријатие за државни патишта**

**Република Македонија
Јавно претпријатие за
државни патишта**

**ЕМБС:** 6839673
ул.Даме Груев бр.14
1000 Скопје,
Република Македонија

**Тел.** (02) 3-228-454
(02) 3-118-044
**Факс:** (02) 3-220-535

Бр. 04-7002/18

Дата: 07.09.2018

Скопје

Врз основа на член 27 од Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта и член 37-м од Законот за јавните претприајтија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, донесе

Одлука
за извршен избор на кандидат по јавен оглас
за вработување на давател на јавна услуга

1. За извршител на работите од работно место КДР0305Б01090 Советник за контрола на сообраќај и одржување на компјутерска опрема во Одделението за контрола на сообраќај, во Секторот за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина, се избира кандидатот **Горан Димитров**.

2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 на оваа Одлука, по конечноста на Одлуката.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Комисијата за селекција во постапка за вработување на неопределено време на давател на јавна услуга, формирана со Решение бр.04-7002/3 од 26.06.2018 година, во функција на спроведување на постапката за вработување на давател на јавна услуга за извршување на работите од т.1 на оваа одлука, а по објавениот јавен оглас за вработување на давател на јавна услуга бр.2/2018 од 28.06.2018 година, во дневните весници „Слободен печат“, „Нова Македонија„ и „Коха“ и повторениот јавен оглас јавен оглас за вработување на давател на јавна услуга бр.2А/2018 од 16.08.2018 година, во дневните весници „Слободен печат“, „Нова Македонија„ и „Коха“ спроведе постапка согласно Законот за јавните претпријатија.

Согласно резултатите од сите фази во постапката за вработување, Комисијата за селекција во постапка за вработување на давател на јавна услуга, до Директорот на Јавното

претпријатие за државни патишта, достави единствена ранг листа на кандидати и предлог за вработување.

Врз основа на утврдената единствена ранг-листа и предлогот за вработување, Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство:**Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба преку Јавното претпријатие за државни патишта до Управниот одбор на јавното претпријатие во рок од 8 дена од денот на нејзиното објавување на интернет страната и на огласната табла на Јавното претпријатие

Директор
Зоран Китанов

Доставено до:

- Именуваниот
- Одделение за човечки ресурси
- Огласна табла
- Архива

Изработил: Даниела Тасевски
Контролирал/Одобрил:Сузана Атанасова